



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ОСНОВЦИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ УЧЕА ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во четвртокот (07.04.2016) четвртоодделенците од ООУ ,,Владо Тасевски“ го посетија градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски. Оваа средба беше иницирана во рамки на изучување на предметот ,,Општество“, кој е дел од наставната училишна содржина. На овој начин, учениците поставувајќи различни прашања до општинскиот татко, Стевчо Јакимовски, непосредно се запознаа со функционирањето на локалната самоуправа.

Првиот човек на Општината, им објасни на учениците како работи Советот на општина Карпош, кои се надлежностите и обврските на локалната самоуправа, каква е динамиката на работните обврски на административците од дванаесетте општински сектори и сл.

Четвртоодделенците поставуваа и технични прашања кои се однесуваат на интервенции во инфраструктурата, како што се изградба на детски игралишта, плоштади и паркови, притоа давајќи конструктивни предлози за разубавување на животната средина.



# ХЕТ-ТРИК НА КИРИЛ ГЕОРГИЕВ

По девет одиграни кола, во петокот (08,04,2016) во хотелот Александар Палас заврши играта на мудрите. Во присуство на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски и дел од натпреварувачите и љубителите на шахот, официјално се затвори „портата“ на шестиот по ред Меѓународен шаховски турнир „Карпош Опен 2016“. Велемајсторот на мисловната игра, бугарскиот врвен шахист, Кирил Георгиев трета година го освојува традиционалниот турнир. Во игра во деветтото коло со велемајсторот, молдавецот Дмитриј Светушкин, шаховскиот ас Георгиев избори победа и се искачи на врвот од табелата, а како второ пласиран заврши Светушкин. На финалната табела, третото место го зазема италијанецот Данил Двирни.

Директорот на турнирот и градоначалник, Стевчо Јакимовски, со поздравен говор до присутните упати комплименти за постигнатиот успех на натпреварувачите како и пофални зборови до организацијата на турнирот, пријателскиот шаховсиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“. Тој ги додели наградите и по трет пат му го врачи пехарот на долгогодишниот пријател, бугаринот Кирил Георгиев.

Во категоријата на натпреварувачи до 18 години, најдобар беше данецот Мартин Печивалди со рејтинг од 2.306 поени. Во категоријата за најдобар натпреварувач над 65 години, со рејтинг од 2.282 поена победник е канаѓанецот Леон Пиасетски. На овогодинешниот турнир и жените натпреварувачи покажаа добра игра, па така во категоријата најдобар женски играч на врвот од табелата застана Сабрина Вега Гутиерез од Шпанија. Во категоријата за најдобар натпреварувач со рејтинг до 2.000 поени, на првото место заврши турчинот Јакуп Еригит, во категоријата со рејтинг до 2.200 поени, првото место го зазема турчинот Али Полатер, додека пак во категоријата со рејтинг до 2.450 поени, првото место го зема фиде мајсторот од Хрватска Леон Ливаич.

Оваа година наградниот фонд изнесуваше 10.000 евра, а за најдобриот шахист беа обезбедени 2.000 евра.



# КАРПОШ - ЗДРАВА ОПШТИНА

По повод Светскиот ден на здравјето ,,7-ми април'', во петокот (08,04,2016) попладне во ООУ ,,Владо Тасевски“ се одржа пригодна манифестација. Општина Карпош вклучително и секторот за Спорт и култура се вклучија во глобалната кампања на Светската здравствена организација подржувајќи го проектот со кој се промовираат здравствено-едукативни и превентивни акции.

На настанот присуствуваше советничката на општина Карпош, прим. д-р Добрила Андоновска, која нагласи дека во 2016, тема на годината е превенција и лекување на дијабетесот, под мотото ,, Да го победиме дијабетесот“. Исто така, Андоновска потсети дека денес во светски рамки се заболени над 200 милиони луѓе од дијабетес, додека во Република Македонија таа бројка изнесува околу 120.000 граѓани.

На манифестацијата стручно лице од Herbalife преку предавање на присутните, им ги објасни предностите на здравиот начин на живот и на исхрана, презентирајќи им совети и препораки. Претставникот на ,,Горска вода“ на присутните им ја предочи придобивката од консумирање нискоенергетски сок од лимон и грејпфрут, кој е особено корисен за хидратација, закрепнување и регенерирање на енергијата и подобрување на животните перформанси.

Посетителите добија маички со логото на општина Карпош и истите имаа можност преку поставување на директни прашања до стручните лица, да се запознаат одблизу со користа од практикувањето на здравиот начин на исхрана. На крајот, сите имаа можност да ги дегустираат фит нутритивните креации на кулинарот Влатко Огненовски.



# УЧЕНИЦИТЕ ОД „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Во петокот (08,06,2016) четвртоодделенците од ООУ „Димо Хаџи Димов“, беа во работна посета на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски. Тие одблизу, и преку директна комуникација се запознаа со начинот на функционирање на локалната самоуправа.

Поставувајќи му прашања, основците научија кои се надлежностите на Општината, со кои проблеми се соочува првиот човек на Карпош, и како ги решава истите. Општинскиот татко, одговарајќи на прашањата ги информираше учениците од Димо Хаџи Димов за работата на Урбаната заедница, како една микро средина, во која на непосреден начин се решаваат проблемите на граѓаните како што се реконструкцијата и асфалтирањето на локалните улици, тротоари и уредувањето на зелените површини. На овој начин, основците од ова училиште, преку средбата со градоначалникот Јакимовски слушнаа како функционира една општина, што како наставна содржина го изучуваат по предметот ,,Општество“.





# СРЕБРО ЗА РАКОМЕТАРКИТЕ ОД „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Ракометарките од ООУ „Димо Хаџи Димов“ – општина Карпош, го освоија второто место на Државното првенство во ракомет за девојчиња, кое се одржа овој викенд во спортската сала „Јордан Пиперката“ во Демир Хисар. Во саботното финале во кое доминираше резултатската неизвесност, карпошанки за малку не успеаја да излезат од спортскиот заплет во своја полза. Во финишот, основките од Куманово славеа со резултат од 15:10.

Љубителите на ракометот во Демир Хисар, присуствуваа на возбудливиот спортски викенд во чии рамки над 100 основки од Скопје, Струга, Делчево, Куманово и Битола, ги демонстрираа своите мали ракометни „волшебства“. Оваа спортска манифестација меѓу другото, помина и во знакот на добрата организација од страна на Федерацијата на училишни спортови на Република Македонија.

Патот до врвот за ракометарките од ООУ „Димо Хаџи Димов“ беше особено тежок. Во својот „поход“ кон финалето, младите спортски надежи, попатно ги совладаа своите ракометни ривалки од Струга и Битола, кои важат за „центри на македонскиот ракомет“. Карпошанки го донесоа среброто во домашните спортски витрини, оставајќи ги воздишките и победничките извици, трајно да одекнуваат во спортската сала во Демир Хисар.



# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА:
# ДЕВЕТ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ СО НОВИ ФАСАДИ

Општина Карпош со несмалено темпо продолжува со реконструкција на фасадите на територија на Општина Карпош. По бројните реконстурирани објекти, пред само неколку дена започна реставрирањето на фасадата на зградата на улицата Љубљанска бр.1, а веднаш по неа е станбениот објект на улицата Воденска бр.6.

Вкупната инвестиција за двата објекта ќе изнесува 4.800.000 денари и истата ќе биде покриена од буџетот од Општина Карпош. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски во изјавата за медиумите, додаде дека и покрај многубројните паркинг простори, станарите ќе имаат можност за бесплатно паркирање во близина.

-Станарите на Љубљанска 1 ќе добијат бесплатен паркинг простор во Т.Ц. Скопје Сити Мол и нема да имаат никаков проблем при паркирањето за своите возила. Исто така, сакам да ги замолам граѓаните со заеднички сили со локалната самоуправа, да ја реконстурираме и покривната конструкција, со тоа што локалната самоуправа ќе издвои средства за лимот, парната брана и изолацијата, а пак граѓаните ќе треба да ги покријат трошоците за работната рака – рече Јакимовски и дополни дека соработката со „Хабитат Македонија" е од големо значење, бидејќи тие се подготвени да го одобрат повеќегодишниот кредит, со што почнатите згради и најавените девет кои дополнително ќе се работат, целосно ќе бидат реконстурирани.

Рокот на изведба на двата објекта е 21 ден и се планира до октомври оваа година предвидените 11 згради да бидат целосно реконструирани.

## ФИНАЛЕ ВО КОШАРКА НА ОУ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ И ОУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Со резултат од 62:45 кошаркарите од ОУ „Војдан Чернодрински“ ги совладаа своите соперници од ОУ „Лазо Трповски“ со што изборија пласман во утрешното финале кошаркарскиот „FINAL FOUR“.

Кошаркарите од ОУ „Димо Хаџи Димов“ се вторите финалисти во утрешното финале, денеска совладувајќи ги своите ривали од ОУ „Јан Амос Коменски“ со актуелен резултат од 44:39.



# ПОЈДЕ ЕДУКАТИВНИОТ АВТОБУС ОД КАРПОШ

Во рамките на активностите за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот, преку проектот ,,Едукативен автобус“, во вторникот (12,04,2016) учениците од ООУ ,,Братство“ појдоа во сообраќајна обиколка низ улиците на Скопје.

Целта на проектот е запознавање на децата со сообраќајната инфраструктура, сообраќајните правила и прописи, односно нивна едукација низ главните сообраќајници на градот. Овој проект е организиран од РСБСП (Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата), ЈСП (Јавното претпријатие „Скопје“) и АМСМ (Автомото сојузот на Македонија), кои во соработка со Општина Карпош, како традиционален партнер, континуирано спроведуваат проекти за подигнување на степенот на безбедноста на граѓаните во сообраќајот.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, истакна дека Карпош како локална самоуправа, секогаш учествувала во сите акции и проекти со кои се зголемувала безбедноста и сигурноста во сообраќајот.

Овој проект, во кој се вклучени учениците од прво и трето одделение од ОУ ,,Братство“, практично значи, уште од најмала возраст на децата, едукација за сообраќајната култура, правилата и прописите во сообраќајот. Тие на овој начин ќе се запознаат со сообраќајниот ред, и тоа ќе може да им го пренесат на своите родители, и членови на семејството, да ги почитуваат сообраќајните правила, се со цел децата како најзагрозена категорија во сообраќајот, односно како пешаци да бидат максимално заштитени, потенцираше првиот човек на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Овој проект, ќе се реализира секоја недела, во вторник, со ученици од различни училишта од градот Скопје.



# ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ НА ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ НА МЕЃУНАРОДНА СЦЕНА

Дел од учениците кои се вклучени во инклузивниот тим на ООУ„Димо Хаџи Димов“, во периодот од 8 до 10 април, учествуваа на Меѓународната научна конференција во Банско, Република Бугарија, насловена како „Знаењето-престолнина на иднината“. Работната тема на конференцијата беше „Знаење без граници“, а тимот на Карпош, односно на ООУ „Димо Хаџи Димов“ беше составен од директорката Лидија Водјаник, Марија Трипуновска- дефектолог и наставничката Невена Петковска, кои го презентираа трудот под наслов- Инклузивната култура во ООУ „Димо Хаџи Димов“.

Со тоа тие мошне успешно го промовираа училиштето, а исто така ги надоградија своите знаења со следење на други трудови од тимови и поединци од повеќе балкански држави, како и од универзитетски професори и наставници од средни и основни училишта.

Инаку трудот е објавен во интернационалниот весник на INSTITUT OF KNOWLEDGE AND MENAGMENT со име KNOWLEDGE , а истиот ќе биде публикуван во уште два меѓународни научни весници.



# „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ НА КОШАРКАРСКИОТ ТРОН ВО КАРПОШ

Во неизвесна завршница, со само два поени разлика (47:45), кошаркарите од ООУ „Димо Хаџи Димов“ ги совладаа своите спортски ривали, учениците од ООУ „Којдан Чернодрински“ и на тој начин станаа нови шампиони во рамки на училишната кошаркарска лига на општина Карпош. Кошаркарското финале изобилуваше со бројни пресврти и промени на спортскиот семафор. Водството постојано преоѓаше од една екипа кон друга, а доминацијата под обрачите беше изедначена. На полувремето, двете екипи појдоа кон клупите со изедначен резултет од 25:25.

Второто полувреме исто така изобилуваше со одлични кошаркарски акции и жестока борба под обрачите. Но, на крај, сепак влаевчани ја задржаа својата спортска ладнокрвност и концентрација и така изборија уште една вредна титула која ќе ги краси нивните училишни витрини. Во борба за бронзата, основците од „Јан Амос Коменски“ беа поубедливи од екипата од ООУ „Лазо Трповски“ и рутински славеа со резултат 57:42.

Општина Карпош обезбеди осуммесечни спортски стипендии, еднократна парична награда и наградно патување за тројцата најуспешни млади кошаркари, во рамки на училишната кошаркарска лига на Карпош. Давид Наумовски од ООУ „Војдан Чернодрински“ беше прогласен за најдобар стрелец, позицијата најталентиран играч на овогодинешната лига ја зазема Бранко Шуменковски од ООУ „Димо Хаџи Димов“, додека Лука Јованов од ООУ „Јан Амос Коменски“ се стекна со титулата најдобар играч.



# ЧЕТИРИЕСЕТ И ОСМА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ

Во четвртокот (14.04.2016 година), со почеток во 15 часот, во амфитеатарот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, советниците ќе расправаат за точките на Дневниот ред на четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош и тоа:

1. Предлог-Програма за поништување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година бр. 09-3093/4 од 06.04.2016 година,

2. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година,

3. Предлог-Одлука за поништување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година бр.09-3093/10 од 06.04.2016 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2016) и

4. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година,

5. Предлог-План на програми за развој за изменување и дополнување на план на програми за развој на Општина Карпош за 2016 година.

# 55 ГОДИНИ ОД ПРВИОТ ЛЕТ ВО ВСЕЛЕНАТА

Во присуство на голем број претставници на дипломатскиот кор и политичкиот живот во државата, во пригодна атмосфера, се одбележаа 55 години од денот на првиот лет на човекот во вселената, на безвременскиот космонаут Јуриј Гагарин. Делегација на Општина Карпош, предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски беше присутна на свечената средба со амбасадорот на Руската Федерација во Скопје, неговата екселенција, Олег Шчербак.

Во рамките на јубилејното одбележување на големиот настан, беше презентирана тематска изложба „Нашиот Гагарин“ и краткометражен филм за подготовките за првото вивнување во вселената и обиколување на Земјата за 108 минути, од најхрабриот руски космонаут, Јуриј Гагарин. Во организација на „Добредојде Македонија“ (Macedonia welcome centar), многубројните присутни уживаа во понудената програма на денешниот свечен чин.

Амбасадорот Шчербак во своето експозе, потсети на вистинскиот настан пред 55 години, кој е запишан во историјата на човештвото како голем научен и човечки подвиг.

-Подвигот на Јуриј Гагарин ја започна бурната епоха во освојувањето на вселенскиот простор, која продолжува со летот на првата жена космонаут, Валентина Терешкова, на 16 јуни 1963 година. Нашата земја го има отворено патот до космосот, но неговото освојување е дело на целокупната човечка цивилизација – рече Шчербак.

Пригодно обраќање по повод јубилејниот празник имаше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој напомена колку е важна одлуката на човекот да се вивне во вселената, во далечната 1961 година.







-Човекот кој прв се одважи да летне во дотогаш неосвоивите височини и да ја напушти планетата Земја и еден час и 48 минути да кружи во орбитата, потсетува на симболот на развој на цивилизациските вредности, на човековата желба за победа, неизмерна храброст и одважност. Тоа беше човек „чист во душата и телото“, прекрасен ум и голем интелект кој имал храброст, желба за победа. Токму тие карактеристики и историскиот лет во вселената му ги донесоа на овој голем човек ордените „Херој на Советскиот Сојуз“ и „Орденот на Ленин“ во неговата земја. Карпош знае да ги цени овие цивилизациски достигнувања, да им се воодушевува и да ги чува. Оттука ни претставува голема чест и искажуваме голема благодарност до Амбасадата на Руската Федерација и неговата екселенција, амбасадорот Шчербак за дадената донација, заедно во Карпош да го овековечиме овој подвиг со спомен обележје на наша територија – истакна Јакимовски.

Во рамките на одбележувањето на 55-годишнината од првиот лет во Вселената, делегација на Општина Карпош, претставници од Амбасадата на Руската Федерација и граѓани, му оддадоа почит со положување на свежо цвеќе на споменикот Јуриј Гагарин во Општина Карпош. Со сините 55 балони кои летнаа кон небото, симболично се овековечи овој ден како најголем придонес на развојот на светската цивилизација како и за продлабочување на меѓусебно разбирање и соработка.

# ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО КАРПОШ-СО ОБНОВЕН ЛИК

Од почетокот на април, Општина Карпош, во континуитет, врши реконструкција на детските игралишта на цела нејзина територија.

Досега се целосно реконструрани, бојадисани, со сменети реквизити, сите детски игралишта во Карпош 4 , од кои три големи оградени игралишта и десеттина отворени простори за игра и забава на најмалите жители на Карпош.

Во наредните денови ќе продолжи обновата на реквизити за игра на игралиштата во Тафталице, Козле и Карпош 3.

Целта на Општина Карпош е до крајот на мај во целост да бидат обновени 70 детски игралишта на подрачјето на цела локална самоуправа.

Инаку кога почна акцијата на реконструкција на детските игралишта тие беа најдени во исклучително лоша состојба. Оттаму, локалната власт апелира до своите сограѓани за поголемо внимание и грижа за ваквите јавни добра, кои се правени токму со средствата на граѓаните, и наместо тие да се трошат на чести реконструкции да бидат наменети за отворање нови детски простори со нови еко-реквизити.



# РАБОТНА СРЕДБА ВО ЧЕСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ БРАНИТЕЛИ

Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски, четвртокот (14,04,2016)во просториите на локалната самоуправа одржаа работна средба со семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили на Македонија, кои ги положија своите животи пред олтарот на татковината, за време на конфликтот во 2001 година.

На средбата присуствуваа и претставници од Здружението на загинатите бранители, како и претставници од Министерството за одбрана и од Министерството за внатрешни работи.

Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, го прифати барањето на семејствата на паднатите македонски херои, да се изгради спомен-обележје во чест на „македонските синови“, на локација која дополнително ќе се утврди. Локалната самоуправа, покрај ова, води грижа за семејствата на загинатите бранители кои живеат на територијата на општина Карпош, преку обезбедување на еднократна парична помош и училишна стипендија за децата на македонските херои.



# НОВИ РЕКОНСТРУКЦИИ НА ФАСАДИ

Во четвртокот (14,04,2016) во просториите на Технолошко- Металуршкиот факултет се одржа четириесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош. Советниците гласаа по пет предлог точки на предложениот дневен ред. Истите, го изгласаа предлогот за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош, за тековната 2016 година. Советот на Општината, исто така ја одобри одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година. По предлог на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, советниците изгласаа одобрување на нови финансиски средства за реконструкција на фасади на колективни станбени згради во Карпош.



# НАГРАДИ ЗА ШАМПИОНИТЕ ОД КАРПОШ

Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и претседателот на Советот на општина Карпош Сашо Лазаровски, во петокот (15,04,2016) ги примија најуспешните ученици – спортисти, кои остварија извонреден резултат на државно ниво.

Во оваа пригода, Јакимовски уште еднаш им честиташе на девојчињата од „Димо Хаџи Димов“ за освоеното прво место на Државното првенство во одбојка, кое се одржа во Валандово, и на момчињата од „Аврам Писевски“ кои го освоија златото на Државното првенство во футсал, што се одржа во Вевчани.

Со цел да ги поттикне младите да се занимаваат со спорт и да развиваат здрави животни навики, општинскиот татко Стевчо Јакимовски, на државните прваци им додели спортска опрема, а локалната самоуправа за нив обезбеди еднократна парична награда и патување во Тиват.



# 50 НОВИ ДРВЈА ВО КАРПОШ

Во петокот (15,04,2016) продолжи хортикултурното разубавување на Општина Карпош. Во Тафталиџе 2, во паркот наспроти ЗЕЛС ( Заедницата на единиците на локалната самоуправа), на ул. ,,Женевска", градоначалникот на Општина Карпош засади 50 дрвца, а најави и понатамошно засадување.

-И понатаму работиме на зачувување на човековата околина во Карпош. Ова 50 дрвца, кои денес ги засадуваме се јавори и јасени, и се донација од ЈП ,, Паркови и зеленило''. Веќе следната недела ќе засадиме нови 100 дрвца, платени од буџетот на локалната самоуправа, што значи ќе имаме дополнителни нови 150 дрва во Карпош. Инаку досега во парковите и дворовите на сите основни училишта и градинки имаме засадено околу 2.000 дрвца. Со тоа локалната власт, максимално се посветува на зачувување на човековата околина, на подобрување на амбиенталниот воздух, и што е најбитно, се грижиме за зеленилото и дрвјата на целата територија на Општина Карпош.



# ОБУКА ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ

Општина Карпош организираше бесплатна еднодневна обука наменета за сите заинтересирани невработени лица од територијата на Општината. Обуката за посетителите кои аплицираа за неа - жители на Карпош, ја одржа предавачот м-р Павле Зимбаков. Тој во четиричасовното предавање, им помогна на заинтересираните невработени, околу тоа како да дојдат полесно до вработување, односно како да направат највпечатливо CV. Тематската обука опфати и презентација на вештини за пишување на кратка биографија – CV, креирање на мотивационо писмо, создавање на можности за вработување и самовработрување во Македонија, унапредување на сопствените квалификации и разработка на почетна идеја за сопствен бизнис.

Оваа првична обука се одржа во просториите на урбаната заедница Карпош 1 и истата е дел од активностите предвидени со Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 година на Општина Карпош..



# ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски, денеска имаше интензивна меѓународна соработка. Во пријателска посета на општинскиот татко дојде градоначалникот на Биоград на Море, г-дин Иван Кнез и неговиот заменик градоначалник, со кои во едночасовниот разговор, првите луѓе на двете локални власти, разговараа за можностите за стопанска соработка меѓу општина Карпош и овој познат туристички град од Северна Далмација.

Претставниците од „Седиштето на хрватските кралеви и бискупи" како што го викаат ова далматинско пристаниште и значаен сообраќаен центар, упатија покана за присуство на десет врвни спортисти од општина Карпош кои би учествувале на традиционалните „Јадрански средби„ реномирана манифестација на која се натпреваруваат спортисти од десетина држави.

Договорено е, исто така, да почнат подготовките за потпишување на Меморандум за збратимување меѓу Карпош и Биоград на Море, кој би бил потпишан од 3 до 5 јуни годинава.

Градоначалникот Јакимовски денеска се сретна и со Тамара Крстовиќ, PR менаџер на Туристичкиот сојуз на Тиват, збратимена Општина со Карпош,, Магдалена Тујковиќ, соработник за промоција и пропаганда и Сандра Килибарда одговорна за меѓународна соработка. Тема на разговорот беше претстојната туристичка сезона во овој град од Црногорското приморје, во кој традиционално, секоја година, на наградно патување се праќаат најдобрите спортисти од основните училишта од Карпош.



# АТЛЕТСКИ КРОС ВО КАРПОШ

Во организација на одделението за култура и спорт при општина Карпош, на 16 април сабота, на кејот на реката Вардар се одржа традиционалниот училишен атлетски крос. Во рамките на оваа спортска манифестација која се одржа по седми пат, учествуваа основците од десетте училишта кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа.

Учениците од шесто до деветто одделение, се натпреваруваа во две основни категории - девојчиња и момчиња, трчајќи во пет различни дисциплини, на 50, 100, 150, 200 и 250 метри.

Неприкосновени беа тркачите од „Петар Поп Арсов" со седум освоени победнички места, веднаш зад нив се учениците од „Димо Хаџи Димов" со пет победници, додека, на победничкиот престол застанаа четири ученика од „Христијан Тодоровски - Карпош". Основците од „Братство" и „Аврам Писевски" освоија три победнички места, а нивните соученици од „Владо Тасевски" освоија две.

Претседателот на Комисијата за спорт при Советот на општина Карпош, Давор Грче, им ги додели дипломите и победничките пехари на најуспешните учесници, посакувајќи им да продолжат да спортуваат и да развиваат здрави животни навики.



# МЛАДИНСКА ИНИЦИЈАТИВА КАРПОШ КУЛТУРА

Во саботата 16.04.2016 Извидничкиот Поречански Одред Јадран кој е дел од Сојузот на извидници на Македонија, заедно со група волонтери ентузијасти реализираше младинска иницијатива - Карпош Култура. Иницијативата беше поддржана од УСАИД и имаше за цел вмрежување на младите од општината. Настанот се реализираше во ОУ Јан Амос Коменски. Повеќе од 150 млади и деца беа дел од работилници за актерство, стрип, музика, рачна изработка и фотографија.

